.... 124
.... 125
.... 125
.... 130
.... 134
.... 138
.... 144
.... 144
.... 149
.... 151
... 158
... 160
... 161
... 161
... 162
... 166
.. 167
.. 167
.. 171
.. 172
.. 177


# I.ВОВЕД

## 1.Основна задача и цел на истражувањето

Туризмот,како во светот така и во нашата земја ,мошне брзо се развива,при што,се повеќе се зголемува интересот спрема него,т омасовена е свеста за неговата благотворност на целиот простор Во тој контекст,се повеќе преовладува мислењето дека туризмот има интензивно влијание на стопанската структура на одделни земји и региони.

Во тие туристички движења нашата Република мошне интензивно се вклучила,особено нејзините езерски подрачја,така што,развојот на туризмот е прифатен како еден од основните правци на развојот.

Во анализата на туристичкиот промет,може да се забележи дека тој промет се уште не е на потребното ниво од аспект на можностите.Доста потфрлува странскиот туристички промет.

Од повеќето проблеми кои во туризмот настануваат,а кои би требало научно да се проучат,се истакнува проблематиката за влијанието на факторите врз неговиот развој.Истражувањата од овој вид се мошне значајни и актуелни,дотолку повеќе,што, туризмот од авој аспект кај нас не е се уште доволно истражен.

Задачата и целта на ова истражување се состои во настојувањето да се утврди големината и интензитетот на влијанието на одделните фактори врз развојот на туризмот во Македонија и

Охридско-Преспанскиот регион.Со тоа ќе бидат согледани и законамерностите на досегашниот раст на туризмот и можностите за ангажирање на сите расположливи ресурси,така што,оние факто кои се благотворни ,ќе се подржат,а оние кои влијаеле негативн ќе се неутрализираат.

Целта на истражувањето ќе биде постигната ако соодветниот теоретски пристап и објаснување на проблемот истовремено се поврзе со конкретната појава во утврден простор,со што ќе доби и своја практична вредност.Просторот кој во оваа докторска дисертација е зафатен и обработен е Република Македонија,со тоа што се прави посебен осврт на Охридско-Преспанскиот регион во кој спаѓаат општините:Охрид,Струга и Ресен.Тоа подрачје преставува една оформена општествено-економска целина,која дејствува како регионален комплекс со мошне интензивни меѓурегионални врски..

За да може да се потврдат или отфрлат постојните поставени хипотези и за да се дојде до нови сознанија на подрачјето кое е предмет на истражување,нужно е да ја дефинираме целта на истражувањето и тоа во вид на барање одговор на конкретно поставени прашања.

Еве некои од главните прашања на кои ќе бараме одговор во текот на ова истражување:

а/ Кој од факторите исполува најсилно влијание врз развојот

на туризмот во Македонија и Охридско-Преспанскиот регион ?

б)Во кои години во периодот од 1974-1987.година било најсилно, односно,најслабо влијанието на одделните фактори ?

в)На кој обем на туристички промет треба да смета Македонија и Охридско-Преспанскиот регион во 1995.година ?

Добиениот одговор на овие и други изведени прашања,ќе се користи како научна база во истражувањето на туризмот и ќе послужи како основа за изработка на планските предвидувања на туристичкиот промет.Исто така,резултатите кои се добиени од истражувањето треба да послужат и како прилог за:

а)Ефикасно вклучување на туристичкото стопанство во внатрешната и меѓународната поделба на трудот,и

б)Дефинирање на нов концепт на туристичката понуда во согласност со барањето на туристичката клиентела.

Поаѓајќи од фактот што туризмот е комплексен,односно туристичкото стопанство е хетерогено,не мислиме дека овој труд ќе даде дефинитивни заклучоци и единствени точни решенија.Свесни за таа вистина,веројатно примената на нови економски аналитички постапки,ќе придонесат не само за поцелосно согледување на влијанието на одделните фактори , туку и ќе доведат и до сосема нови сознанија.

2.Композиција на обработениот проблем и метод на работа

Согласно вака поставените задачи и проблеми кои меѓу себе се тесно поврзани,а кои би требало да се обработат,составена е ком цијата на овој труд.Таа е следна:

1.Вовед.Овде ќе бидат обработени воведните напомени во врска со самиот труд,од аспект на целта и методологијата на истражувањет која воедно е и база и основна претпоставка за успешно изработување на трудов.

2.Достигнатиот степен на развој на туризмот во Република Македонија и Охрдско-Преспанскиот регион.Втората глава ја содрж основната информација за достигнатиот развој на туризмот во овие подрачја,како и информациите за тенденциите во движењата, проблемите,ефектите и слично.Тоа сознание е доста важно за да с добие слика во какви услови и на какво ниво се остварува сегашниов туристички промет во Република Македонија и Охридско-Преспанскиот регион.

3.Туризмот како социо-економска појава.Овде туризмот се дефинира како сложена економска појава,пред се,заради потребата од согледување на ефектите кои произлегуваат од туристичката потрошувачка.При тоа,заради појасно согледување на економските ефекти е даден посебен осврт за местото и улогата на туризмот во зголемувањето на националниот доход,вработеноста,во развојот стопанството во туристичките подрачја,како и за зголемување на

девизниот прилив.Укажувајќи на адекватната големина на тие влијанија,се изведува заклучок за степенот на зависноста на одделните дејности на стопанството од туристичката потрошувачка.

4.Во главата "Значењето и улогата на факторите за развој на туризмот" се анализираат одделните фактори кои дејствувале врз развојот на туризмот во Република Македонија и Охридско-Преспанскиот регион.Таа преставува доминантно подрачје од овој труд ,бидејќи дава резултати за големината и интензитетот на влијанието на суштествените,сезонските,цикличните и нередовните фактори,со примена на соодветен статистички метод,врз база динамичката анализа на туристичките временски серии.Пратењето на големината и интензитетот на влијанието на наведените развојни фактори,илустрирано е со вредни резултати од истражувањето кои,адекватно го дополнуваат теоретското излагање.Како резултат на тоа,е и соодветното рангирање на интензитетот на влијанието на факторите врз развојот на туризмот

Ова глава ги содржи и сознанијата за позитивните и негативните влијанија на одделните фактори врз развојот на туризмот.Даден е и одреден преглед на активности со кои ќе се забрза развојот. Унапредувањето и развојот на туристичкото стопанство,може да преставува значајна подлога во акцелерацијата на развојот на сите дејности.На тој план,најзначајно е да се управува со сит фактори кои се вклучени во туризмот заради,формирање на оптимална и ефикасна туристичка понуда,односно,се поголем промет на домашната и странската туристичка побарувачка.

5.Прогнозирање на развојот на туризмот на подрачјето на Република Македонија и Охридско-Преспанскиот регион,предмет разгледување е во петтата глава на овој труд.Овде,не само шт се изнесени квалитатитвните претпоставки за идниот развој на туризмот,туку,дадена е и прогноза на туристичкиот промет во Република Македонија и Охридско-Преспанскиот регион,до 1995.

6.Заклучоци.Овде се даваат заклучоците кои произлегуваат од истражувањето,со назначување на нивниот научен придонес во теоријата и практиката на туризмот.

Во овој труд,поаѓајќи од природата на туризмот и целта што с поставивме,методите кои се користени во глобал можат да се окарактеризираат како аналитички и компаративни методи.Во тие рамки,се користени и посебни статистички методи кои чест се користат во статичките и динамичките анализи на економски појави.

3.Статистичка основа и временски период на истражувањето

Статистичката основа на спроведеното истражување преставуваат бројните статистички публикации кои ни нуди нашата официјална статистика.Бидејќи основниот пристап при обработката на проблемите кои се предмет на оваа докторска дисертација се макроекономски,повеќето варијабили кои беа релевантни за направеното истражување можеа да се најдат во соодветните статистички публикации /инвестиции,увоз,извоз,регистрирани

ноќевања, регистрирани туристи, број на вработените и т.н./.

Во истражувањето 1974.година земена е како базна, а 1987.година како година на максимална туристичка валоризација.Долната граница одредена е пред се, заради фактот што, земањето на податоци од постар датум како база за утврдување на развојната тенденција, негативно влијае на реалноста, бидејќи, меѓузависноста помеѓу економските категории е од силно влијание на временскиот тек.Тоа е причината, во ова истражување да користиме пократок период.

Пописот на литературата се означува по азбучен ред и тоа, литературата која е користена во текот на обработката на проблемот и литературата која поцелосно ги обработува проблемите значајни за основната тематика на истражувањето.

Табелите и графиконите се нотирани со редни броеви за секое подрачје посебно.